

# СРЕТНИ ГИ РОБОТИТЕ

**27 Ноември 2014 година, од 12 до 15 часот**
**Факултет за информатика, Кампус 2**
**ул. Крсте Мисирков бр. 10-А, 2000 Штип**

Роботите побудуваaат интерес кај учениците, студентите, младите - всушност кај сите. Роботите се интересни и секој од нас има омилен робот од научно-фантастичните филмови. Повеќе интересно е дружењето со роботите кои сами сме ги дизајнирале и програмирале. Роботи кои летаат, се движат како луѓе, имаат интеракција со околината на различни начини, дури и роботи кои играат и спортуваат се дел од Европската недела на роботика. Овој настан целата таа возбуда ја претвора во корисно искуство кое ги мотивира луѓето од сите возрасти да се запознаат подлабоко со природните науки, технологијата, инженерството и математиката и притоа да развијат одговорен пристап кон употребата на роботите во нашето општество.

Дојдете да се дружиме. Доколку имате свој робот, понесете го. Настанот е од отворен тип и постои можност за учество на сите заинтересирани граѓани, ученици, студенти, хобисти и ентузијасти кои работат и имаат интерес за роботика.

eu Robotics Week

Овој настан е дел од **Европската недела на роботика** од 24 Ноември до 30 Ноември 2014 година.

Повеќе информации на: **www.robotics-week.eu**